Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-371/4
28-07-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 371/1 од 06.07.2022 година, поднесена од [redacted] за извршена дискриминација врз основа на синдикална активност, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020 година) на ден 28.07.2022 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**за непостапување**

**НЕ СЕ ПОСТАПУВА** по претставката бр. 08 – 371/1 од 06.07.2022 година, поднесена од [redacted], **ЗАРАДИ ПРАВОСИЛНО ЗАВРШЕНА СУДСКА ПОСТАПКА ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА.**

**О б р а з л о ж е н и е**

На 06.07.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација, за извршена дискриминација заради претходна синдикална активност, од страна на лицето [redacted].

Во претставката беше наведено дека во 2013-тата година како невработено лице бил повикан од страна на Агенцијата за вработување – подрачна единица Неготино, каде на подносителот му биле понудени листови за апликација за работа во фабриката на [redacted]. Подносителот во претставката го наведува неговото претходно работно искуство во фабриката за кабли во Неготино и неговата синдикална активност. Тој смета дека токму поради неговата синдикална активност бил дискриминиран и не бил вработен во фабриката [redacted]. Од таа причина, подносителот повел и судска постапка за заштита од дискриминација. Апелациониот и Врховниот суд донеле одлука дека нема дискриминација кон подносителот на претставката.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, по извршен телефонски разговор со подносителот на претставката, испрати барање за достава на документи преку електронска комуникација, заведено под бр. 08-371/2 од 11.07.2022 година. Во барањето, Комисијата бараше достава на скенирани копии од судските пресуди на Апелациониот и Врховниот суд кои беа наведени во претставката и достава на докази за членување и водење на синдикат во фабриката за кабли во Неготино.

На ден 18.07.2022 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, пристигнаа дел од документите кои беа побарани од страна на подносителот на претставката. Од приложените документи, Комисијата утврди дека судовите го одбиле тужбеното барање на тужителот затоа што тој не го сторил веројатно постоењето на дискриминација во конкретниот случај. Од приложената прва страна од мислењето на претходната Комисија за заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека претходната Комисија не повела постапка по поднесена претставка од причина што за истата работа веќе била поведена постапка пред надлежен суд.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација по извршена анализа на наводите од претставката и дополнително доставените докази, утврди дека во конкретниот случај нема да постапи по претставката број 08-371/1 од 06.07.2022 година.

Согласно член 27, став 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„(5) Комисијата носи заклучок за непостапување или за запирање на постапката по претставката во случај кога постапката пред судот за истата работа е веќе поведена или се поведува во тек на постапката или правосилно е завршена и за тоа го известува подносителот на претставката.“*

Во конкретниот случај, согласно наводите во претставката, како и според приложените докази, судската постапка за заштита од дискриминација веќе правосилно е завршена, па така, постапувајќи согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје
28.07.2022 година

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Член на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]